**Врз основа на член 93-а став (9) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11 и 74/12), министерот за финансии донесе**

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРЕСТАНОК СО ПРИРЕДУВАЊЕТО НА ИГРИТЕ НА СРЕЌА ВО ДЕЛОВНАТА ПРОСТОРИЈА ВО КОЈА СЕ ПРИРЕДУВААТ ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ

**Службен весник на РМ, бр. 124 од 05.10.2012 година**

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за добивање на одобрение за престанок со приредувањето на игрите на среќа во деловната просторија во која се приредуваат игри на среќа во автомат клуб.

## Член 2

Барањето за добивање на одобрение за престанок со приредувањето на игрите на среќа во деловната просторија во која се приредуваат игри на среќа во автомат клуб, се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.20-31453/1
13 септември 2012 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р Зоран Ставрески, с.р.